# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## НА ОСНОВНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ

## *СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ*

### ЗА УЧЕБНАТА 2016 / 2017



# СОДРЖИНА


1. Вовед ........ 2
2. Лична карта на училиштето ........ 3
3. Мисија и визија ........ 9
4. Веќе научено/Стекнати искуства ........ 10
5. Подрачја на промени, приоритети и цели ........ 11
6. Календар за работа ........ 14
7. Настава ........ 16
8. Оценување ........ 22
9. Вон-наставни активности ........ 23
10. Грижа за здравјето ........ 28
11. Училишна клима и односи во училиштето ........ 29
12. Професионален развој на образовниот кадар ........ 30
13. Вклученост на семејствата во училиштето ........ 31
*14.* Комуникација со јавноста и промоција на училиштето ........ 33
   - *Локална заедница ........ 33*
   - *Институции од областа на културата ........ 33*
   - *Институции од областа на образованието ........ 33*
   - *Невладини организации ........ 33*
   - *Здравствени организации ........ 33*
15. Прилог бр 1 ........ 35
16. Прилог бр 2: Годишна програма на педагог ........ 41
17. Прилог бр 3: Годишна програма на психолог ........ 50
18. Прилог бр 4: Програма за работа на училишниот библиотекар ........ 57
19. Прилог бр 5: Програма за работа на стручен соработник ........ 60
20. Прилог бр 6: Програма за работа на училишниот одбор ........ 63
21. Прилог бр 7: Програма за работа на советот на родители ........ 65
22. Прилог бр 8: Програма за работа на наставнички совет ........ 66
23. ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ИБ (MYP и PYP ) КООРДИНАТОРИ ........ 68
24. Прилог бр 9: Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди ........ 73
25. Прилог бр 10: Програма за ученички натпревари ........ 74
26. Прилог бр 11: Програма за дополнителна настава ........ 76
27. Прилог бр 12: Програма за додатна настава ........ 77
28. *Прилог бр 13 :*Програма за самоевалуација на училиштето ........ 77
29. *Прилог бр 14:* Програма за општествено хуманитарна работа ........ 78
30. *Прилог бр 15:* Програма за работа на училишниот парламент ........ 79
31. *Прилог бр 16:* Програма за соработка со локална средина и локална заедница ........ 81

32. *Прилог бр 17:* Програма за грижа на здравјето ..... 82
33. *Прилог бр 18:* Програма за јавна и културна дејност на училиштето ..... 83
34. Прилог бр 19*:* Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето ..... 86
35. ИНТЕГРИРАНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА ..... 89
36. *Прилог бр 20:* Програма за инклузивен тим за образование ..... 97
37. *Прилог бр 21:* Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште ..... 99
38. Прилог бр 22: Работа за професионална ориентација на ученици ..... 99
39. Прилог бр 23: Следење, вреднување и унапредување на воспитно- образовната работа ..... 101
40. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПЦК ВО ОУ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”- СКОПЈЕ – ЦЕНТАР ЗА УЧЕБНАТА 2016/2017 ..... 102
41. Прилог бр 24: Правилници за однесување на учениците, наставниците и родителите ..... 106
42. Прилог бр 25 Програма за екскурзии ..... 108
43. Прилог бр.26 Програма за хор и оркестар ..... 108
Конкретни цели ..... 114
44. Прилог 27 Програма за стручни активи ..... 119
45. Финансов План ..... 123

## 1. Вовед

Основното општинско училиште Св. Кирил и Методиј, Центар-Скопје е најстаро училиште во Република Македонија со непрекината воспитно образовна дејност на мајчин македонски јазик во текот на 180 години (од далечната 1836 година до денес).

Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Тука се конкретизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, термините за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување.

Изработката на Годишната програма се темели на:

- Законот за основно образование;
- Наставните планови и програми;
- Концепција за деветгодишно образование;
- Статут на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од 2013/14 година;
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, посети и увиди од Државниот просветен инспекторат, од Самоевалуацијата, Програмата за развој, извештајот од екстерното оценување, записници и др).
- Барањата на **International Baccalaureate Organization- IB Програма**
- Искуствата од партнерството со родителите и со основачот

Општинското основно училиште „Свети Кирил и Методиј“ - Центар како дел од државниот воспитно-образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште е институција од јавен интерес. Истото преку Годишната програма ќе ги реализира целите и задачите на воспитанието и образованието на Република Македонија зацртани во Законот за основно образование.

Во нашето училиште се работи по **IB (International Baccalaureate)** програма, која е воведена од учебната 2013/2014 година за одделенска настава, а од 2014/2015 и за учениците од предметна настава.

## 2. Лична карта на училиштето

***-Општи податоци за училиштето***

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ |
| **Адреса, општина, место** | Ул.1737 бр.1 Центар Скопје |
| **Телефон** | 02/3 164 357 02/3 213 799 |
| **Фах** | 02/3 164 357 |
| **Е-маил** | oukimsk@yahoo.com |
| **Веб страна** | www.oukimskopjecentar.com |
| **Основано од** | ИО – ГНОО на Град Скопје |
| **Верификација-број на актот** | 15-820 |
| **Година на верификација** | 26.06.1984 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1963/64 |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Површина на објектот** | 2501 $м^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 4448 $м^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | Две адаптирани училници од 90 $м^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно парно |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 26 |
| **Број на смени** | Две смени |

## *Просторни услови за работа на училиштето*

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Училишен двор** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | 0 |
| **Бруто површина** | 4448 $м^2$ |
| **Нето површина** | 2501 $м^2$ |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | 3 |
| **Број на училници** | 26 |
| **Број на помошни простории** | 6 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно парно |

## *Материјално – технички услови*

| | |
|---|---|
| **Материјално технички услови** | Од просторни услови училиштето поседува: 12 училници и 14 кабинети, 6 помошни простории, 5 канцеларии (наставници, директор, секретар, педагог и психолог, ИБ-координатори), 2 библиотеки – една за учениците од I до V одделение и една за учениците од VI до IX (по насоките на канцеларијата на IB организацијата) фискултурна сала со 2 соблекувални, 5 санитарни јазли, 1 кујна и трпезарија со 2 помошни простории. Од технички услови училиштето поседува 20 телевизори, 1 LCD телевизор, 14 DVD плеери, 48 сервери кои се во функција, 3 фотокопири, 8 принтери, 15 клима уреди, 190 мали лаптопи за во одделенска настава, 1 графоскоп, 1 микроскоп, 4 компјутерски микроскопи, 3 мимио табли, 2 LCD проектори 1 смарт табла. Училиштето е вклучено на интернет со wireless (безжична конекција) и со ADSL жичана конекција. |

***Мапа на училиштето*** ( каде се наоѓа ), план на просториите















*Структура на училиштето*

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор ( име и презиме )** | Весна Миливоевиќ, Бојана Бачоска, Мирјана Јанеска, Горан Богдановски, Борче Георгиевски, Сашо Јанев, Даниела Ѓуровска, Зоран Величковски и Лидија Антониевска |
| **Членови на совет на родители ( име и презиме )** | Елизабета Станоевска, Алма Касум, Христина Димитровска, Елпиде Козар, Весна Димитриевска, Гошко Вешоски, Љубица Диман, Влатко Аризанковски, Ирена Дохчев, Дејан Маневски, Весна Митановска, данче Костовска, Тања Соколовска, Борче Георгиевска, Мерсиха Бихорац, Павлина Божинова, Драган Георгиевски, Вера Распашковска, Оливера Ванева Пановска, Сандра Крстиќ, Силвана Зенговска -Затуроска, Даниела Ѓуровска, Верче Тошеска, Оливера Колешева, Слаѓана Миливоевиќ, Горанчо Ацковски, Каранфила Куртановиќ |
| **Стручни активи ( видови )** | I-V Стручен актив на одделенска настава<br>VI-IX Стручен актив на предметна настава<br>- Природно математички стручен актив<br>- Јазичен стручен актив<br>- Општествен стручен актив |
| **Одделенски совети ( број на наставници )** | I-V 30 наставници и VI-IX 24 наставници |
| **Членови на ученичка заедница ( број на ученици )** | I-V 28 ученици и VI-IX 24 ученици |

## *Наставен и ненаставен кадар*

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на наставниците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Друго | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 68 | 10 | 54 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 |
| **Број на наставен кадар** | 53 | 7 | 43 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| **Број на стручни соработници** | 5 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Административни работници** | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Техничка служба** | 8 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **Директор** | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## *Степен на образование на вработените*

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **Високо образование** | 54 |
| **Вишо образование** | 6 |
| **Средно образование** | 6 |
| **Основно образование** | 2 |

## *Старосна структура на вработените*

| **Години** | **Број на вработени** |
|---|---|
| 20-30 | 8 |
| 31-40 | 22 |
| 41-50 | 18 |
| 51-60 | 18 |
| над 61 | 2 |

***Ученици***

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Бошњаци | | Турци | | Роми | | Друго | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 2 | 42 | 20 | 11 | 0 | 0 | 2 | 6 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| II | 3 | 59 | 16 | 22 | 0 | 0 | 5 | 9 | 2 | 2 | 1 | 2 | 0 | 0 |
| III | 3 | 49 | 14 | 17 | 0 | 1 | 4 | 5 | 0 | 0 | 4 | 3 | 0 | 1 |
| IV | 3 | 57 | 22 | 16 | 0 | 0 | 7 | 7 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 |
| V | 3 | 59 | 14 | 19 | 1 | 0 | 9 | 8 | 1 | 0 | 4 | 2 | 1 | 0 |
| I-V | **14** | **266** | **86** | **85** | **1** | **1** | **27** | **35** | **5** | **2** | **10** | **11** | **2** | **1** |
| VI | 3 | 42 | 17 | 14 | 0 | 0 | 5 | 2 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| VII | 3 | 62 | 21 | 16 | 0 | 0 | 7 | 12 | 0 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 |
| VIII | 3 | 60 | 16 | 19 | 0 | 0 | 7 | 9 | 1 | 0 | 7 | 1 | 0 | 0 |
| IX | 3 | 62 | 29 | 19 | 0 | 0 | 2 | 3 | 0 | 0 | 5 | 3 | 1 | 0 |
| **VI-IX** | **12** | **226** | **83** | **68** | **0** | **0** | **21** | **26** | **3** | **1** | **16** | **7** | **1** | **0** |
| **I-IX** | **26** | **492** | **169** | **153** | **1** | **1** | **48** | **61** | **8** | **3** | **26** | **18** | **3** | **1** |

***Наставен јазик***

| | Наставен јазик-македонски | Наставен јазик-албански | Наставен јазик-турски | Наставен јазик-српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 26 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 492 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 54 | / | / | / |

## 3. Мисија и визија

***МИСИЈА:*** *Училиштето се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците. Ние обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби. Светот го замислуваме глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање.*

***ВИЗИЈА:*** *Визија на училиштето е да ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, воедно да ги мотивира на потикнување на одговорно однесување и вредна работа. Училиштето верува во овие атрIВути за да постигнеме единствен профил на ученик*

## 4. Веќе научено/Стекнати искуства

По извршениот увид и анализа на постоечките документи за изминатата учебна година можеме да се пофалиме со следново:

редовна изработка на сите видови планирања, користење на адекватни наставни форми и методи за работа на учениците, користење на разни форми на интеракција со учениците, користење на ИКТ, примена на различни методи и форми на оценување на учениците, примена на критериумите и стандардите за оценување на учениците пропишани од БРО, диференцијација во наставата, промоција на изработките на учениците во училиштето и во медиумите, добра соработка со другите училишта од градот и Републиката, систематски се следи, споредува и анализира состојбата на успехот и постигањата на учениците, училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност, родителите навремено се известуваат за постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор, се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, со ПОП и надарените ученици , се реализира дополнителна и додатна настава, учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности по сопствен избор и желба, учество на талентираните и надарени ученици на општински, регионални, републички натпревари и меѓународни олимпијади, системски следење на редовноста на учениците и анализа на причините за истата како и превземање на конкретни активности со цел подобрување на редовноста, училиштето се грижи за постојан професионален развој на наставниците, се одржуваат колаборативни состаноци, се врши размена на искуства преку примери на добра пракса со отворени часови, постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените, вработените редовно се информираат за превземените активности од страна на директорот и учествуваат во процесот на донесување одлуки, стручните соработници даваат целосна подршка на наставниот кадар и има одлична соработка, се давават предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето и се превземаат активности по истите, се превземаат иницијативи за организирање активности за помош и подршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми, ученичката заедница превзема одредени одговорности и реализира активности по сопствен избор, училишната заедница се грижи за одржување на хигиената во училиштето, зачувување на училишната зграда и двор. Училиштето остварува соработка со родителите, со сите релевантни институции, локалната средина и бизнис секторот.

Од поставените стратешки цели од минатата година реализирани се како најприоритетни: изградба на нова училишна сала, развивање на Иб филозофијата,пишан курикулум, настава и учење,оценување, набавка на нагледни средства, дидактички материјали со цел подобрување на квалитетот на наставата.

# 5. Подрачја на промени, приоритети и цели

**Стратешки цели:** од листата на потреби за учебната 2016/2017 година, училиштето ги издвои следниве приоритети имајќи во предвид дека е потребно тие да бидат остварливи и да се во рамките на нашите можности:



**Стратешка цел 1**

**Подобрување на инфраструктурата на училиштето**

**Развојна цел 1.1**

**Реновирање на влезот на училиштето**

**Развојна цел 1.2**

**Опремување на новата училишна сала**

**Развојна цел 1.3**

**Реновирање на училишната библиотека (оформување медиатека)**

**Стратешка цел 2**

**Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар**

**Развојна цел 2.1**

**Перманентни обуки за имплементација на меѓународната ИБ програма**

**Развојна цел 2.2**

**Подршка на наставниот кадар со соодветна преведена литература за ИБ програмата од страна на МОН**

**Развојна цел 2.3**

**Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините, знаењата потребни во образованието од 21 век**

## Стратешка цел 3

**Комуникација со јавноста и промоција на училиштето**

### Развојна цел 3.1

**Соработка со институции од областа на културата**

### Развојна цел 3.2

**Соработка со институции од областа на образованието**

## Стратешка цел 4

**Продлабочување на соработката со родителите, учениците и локалната средина**

### Развојна цел 4.1

**Збогатување и редовно ажурирање на ВЕБ страницата на училиштето**

### Развојна цел 4.2

**Воспоставување на повисок степен на соработка со други основни училишта од земјата и странство по принцип на размена на искуства, вклучување во разни видови проекти.**

# 6. Календар за работа

| СЕДМИЦА | 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. | 17. | 18. | 19. | 20. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016-2017 | I полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | септември | | | | | октомври | | | | | ноември | | | | | декември | | | | | ВК |
| понеделник | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 16 |
| вторник | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 16 |
| среда | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 17 |
| четврток | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 16 |
| петок | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 18 |
| вкупно денови | 21 | | | | | 19 | | | | | 22 | | | | | 21 | | | | | 83 |

| СЕДМИЦА | 21. | 22. | 23. | 24. | 25. | 26. | 27. | 28. | 29. | 30. | 31. | 32. | 33. | 34. | 35. | 36 | 37. | 38. | 39. | 40. | 41. | 42. | 43. | 44. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016-2017 | II полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | јануари | | | февруари | | | | | март | | | | | април | | | | мај | | | | | јуни | | ВК |
| понеделник | | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 18 |
| вторник | | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 20 |
| среда | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 20 |
| четврток | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 20 |
| петок | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 19 |
| вкупно денови | 9 | | | 20 | | | | | 23 | | | | | 18 | | | | 21 | | | | | 6 | | 97 |

**За сите граѓани на РМ**
8 Септември (четврток) Ден на независноста на РМ
11 Октомври(вторник) Ден на народното востание
23 Октомври (недела) Ден на Македонската Револуционерна Борба - неработен ден понеделник
8 Декември (четврток) „Св. Климент Охридски"
1 Мај (понеделник) Ден на трудот - Понеделник неработен ден
17 Април (понеделник) Втор ден Велигден
24 Мај (среда) „Св. Кирил и Методиј"

**За граѓаните од православната вероисповест**
19 Јануари (четврток) Богојавление (Водици)
14 Април (петок) Велики Петок, петок пред Велигден
2 Јуни ( петок)- Духовден

| | |
|---|---|
| понеделник | 34 |
| вторник | 36 |
| среда | 37 |
| четврток | 36 |
| петок | 37 |
| ВКУПНО | 180 |

**Еколошки календар**

| | |
|---|---|
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |

# 7. Настава

- ***Вид на настава***

Во училиштето се организира настава во две смени. Во едната смена се организира настава за учениците од одделенска настава (I до V одделение целодневна настава од 7 часот и 30 мин. до 17 часот), за учениците од VI до IX одделение од 8 часот до 14 часот и втора смена за класичните паралелки од 13 до 17 часот.

- ***Организација на задолжителна настава***

Неделниот фонд на часови по задолжителните предмети е утврден во Наставниот план, а целите, содржините, поимите и планираните активности се содржани во наставните програми донесени од БРО. И оваа учебна година дел од наставната програма е прилагодена според барањата на IB со воведување на единици на истражување од 6-те трансдисциплинарни теми. Содржини од предметот„Животни вештини“,застапен со еден час седмично ќе се реализираат на одделенскиот час со сите ученици, освен за учениците од прво одделение каде овие содржини се интегрирани во содржините од другите наставни предмети.

- ***Изборна настава***

Според спроведените анкети оваа учебна година ќе се изучуваат следните изборни предмети:

Учениците од IV одделение ќе го изучуваат предметот Творештво, а учениците од V одделение имаат можност да изберат помеѓу предметите: Творештво и Работа со компјутери.

Учениците од VI до IX ќе го изучуваат предметот Етика на религии, Проекти од музичко, Проекти од ликовно,Техничко образование, Изборен спорт, Унапредување на здравјето, Проекти од информатика, Нашата татковина, Воспитание за околината, Вештини на живеење и Истражување на родниот крај.

- ***Дополнителна настава***

Ќе се организира за учениците кои покажуваат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, биле отсутни заради болест или од други причини.Ќе се изведува редовно по сите наставни предмети, во текот на целата учебна година, со примена на индивидуалната и групна форма форма на работа. Наставниците подготвуваат програма за работа со деца кои отсуствувале од настава поради болест.

- ***Додатна настава***

Ќе се организира за учениците кои покажуваат зголемен интерес за наставните содржини, за проширување и продлабочување на знаењата. Од оваа група на талентирани ученици се бираат учениците кои го претставуваат училиштето на сите видови натпревари по сите предмети.

- За следење на додатната настава се опфатени ученици од второ до деветто одделение кои покажуваат солиден успех во задолжителната настава и пројавуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на нивните знаења со нови наставни содржини.
- Планирањата на содржините и активностите за додатната настава ќе бидат приложени како анекс на Годишните глобални планирања на наставниците.

- ***Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици***

Знаењата и вештините можат да се научат,но талентот ученикот го носи во себе,а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој,како и да го подржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем.
Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои се бидат насочени кон самостојно учење и користење информации;развивање на способност, формирање методи,умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија.

- ***Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби***

Наставниците во своите годишни планирања спрема составот на учениците во паралелката каде што има ученици со посебни образовни потреби изготвуваат индивидуални планирања.

| ***цел*** | ***активности*** | ***субјекти*** | ***временска рамка*** | ***индикатори на успех*** |
|---|---|---|---|---|
| Детекција на ученици со посебни образовни потреби | формирање на тим за соработка<br><br>соработка со родители наставници,стручни соработници,стручни лица од други институции | -ученици<br>-родители<br>-одделенски раководител -наставници<br>-стручни соработници<br>-стручни лица од други институции<br>-директор | во текот на целата година/континуирано | -формиран тим за инклузија<br><br>-рано откривање на ученици со посебни образовни потреби |
| Работа со ученици со посебни образовни потреби | -индивидуална работа, работа во група фронтална работа со ученици со посебни образовни потреби | -ученици<br>-родители<br>-одделенски раководител -наставници<br>-стручни соработници | во текот на целата година/континуирано | -совладување на наставните содржини од страна на учениците со посебни образовни потреби |
| Изготвување на ИОП | -во зависност од | -ученици | на почетокот на учебната | совладување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | можностите на ученикот се изготвува ИОП за ученици со посебни образовни потреби<br>-одредување на методи за работа<br>континуирано соработка со сите вклучени субјекти | -родители<br>-одделенски раководител -наставници<br>-стручни соработници | година и на тримесечје по потреба доколку има отстапување од ИОП-от | наставните содржини од ИОП-от од страна на учениците со посебни образовни потреби |
| Евалуација на постигнувањата од работата со ученици со посебни образовни потреби | -во зависност од можностите на ученикот се проверува дали ИОП-от за ученици со посебни образовни потреби е соодветен<br>-усно или писмено информирање на родители/стара тели за начините за работа и постигнувањата | -ученици<br>-одделенски раководител -наставници<br>-стручни соработници | на тримесечје, а по потреба и по завршување на одредена наставна содржина | -ученикот се проверува дали ИОП-от за ученици со посебни образовни потреби е соодветен<br><br>-усно или писмено информирање на родители/старатели за постигнувањата на ученикот |

- ***Употреба на ИКТ во наставата***

(Со владиниот проект „Компјутер за секое дете“ наставниците имаат можност да реализираат современа настава преку примена на ИКТ во својата наставничка работа. Содржините кои наставниците ќе ги реализираат со помош на ИКТ се дефинирани во нивните тематски и процесни планирања.Примена на ИКТ во наставата овозможува реализација на многубројни содржини и активности кои се поврзани со IB-програмата.

***Преглед на наставници во одделенска настава, дополнителна и додатна настава***

| Ред.бр. | Име и презиме | Дополнителна | Додатна | Одд.раковод. | Струч.спрема |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Виолета Ѓошева | / | / | 1/1 | ВСС+обукаIB |
| 2 | Дијана Лазаревска | / | / | 1/1 | ВСС+обукаIB |
| 3 | Верче Петровска | / | / | 1/2 | ВСС+обукаIB |
| 4 | Марина Зафировска | / | / | 1/2 | ВСС |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Луиза Наневска | / | / | 2/3 | ВСС+обукаIВ |
| 6 | Данче Гиговска | / | / | 2/1 | ВСС+обукаIВ |
| 7 | Гордана Букревска | / | / | 2/1 | ВСС+обукаIВ |
| 8 | Нела Никовска Слезенкова | / | / | 2/2 | ВСС +обукаIВ |
| 9 | Симона Пецова | / | / | 2/2 | ВСС+обукаIВ |
| 10 | Мента Богеска | / | / | 2/3 | ВС+обукаIВ |
| 11 | Ана Покупец – Апостолски | 18 | 18 | 3/1 | ВСС+обукаIВ |
| 12 | Мери Ќурчиева | 18 | 18 | 3/1 | ВСС+обукаIВ |
| 13 | Мирјана Јанеска | 18 | 18 | 3/2 | ВС+обукаIВ |
| 14 | Јасмина Лунеска | 18 | 18 | 3/2 | ВСС+обукаIВ |
| 15 | Горица Веловска | 18 | 18 | 3/3 | ВСС+обукаIВ |
| 16 | Анета Ѓорѓиеска | 18 | 18 | 3/3 | ВСС+обука IВ |
| 17 | Наде Крстевска | 18 | 18 | 4/1 | ВСС+обукаIВ |
| 18 | Гордана Стефановска | 18 | 18 | 4/1 | ВСС+обукаIВ |
| 19 | Александра Крстова | 18 | 18 | 4/2 | ВС+обукаIВ |
| 20 | Сања Пиперевска | 18 | 18 | 4/2 | ВСС+обукаIВ |
| 21 | Марина Василева | 18 | 18 | 4/3 | ВСС+обукаIВ |
| 22 | Катерина Бошковска | 18 | 18 | 4/3 | ВСС+обукаIВ |
| 23 | Катерина Кузмановска – Гаштов | 18 | 18 | 5/1 | ВСС+обукаIВ |
| 24 | Јелена Брауновиќ | 18 | 18 | 5/1 | ВСС+обукаIВ |
| 25 | Даниела Крстевска | 18 | 18 | 5/2 | ВСС+обукаIВ |
| 26 | Нина Николоска | 18 | 18 | 5/2 | ВСС+обукаIВ |
| 27 | Дијана Илиевска – Коваческа | 36 | 36 | 5/3 | ВСС+обукаIВ |
| 28 | Ирена Бакреска – Василевска – англиски јазик | 18 | 18 | 21 | ВСС+обукаIВ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Маја Бутлевска – англиски јазик | 18 | 18 | 18 | ВСС+обукаIB |
| 30 | Валентина Лена Вељан-физичко образование | / | / | 26 | ВСС+обукаIB |

***Преглед на наставен кадар, класни раководства и број на часови по предмети***

| Р.бр | Име презиме | Предмет | Класно раковод. | Вкупно часови | Дополнителна | Додатна | Стручна подготовка (дополнува) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ирена Пановска Тодороска | Македонски јазик | / | 20 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 2 | Марија Варадинска - Алексова | Македонски јазик | 6-3 | 21 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 3 | Бојаровска | Македонски јазик | / | 18 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 4 | Ема Крстевска | Англиски јазик | / | 18 | 36 | 36 | ВСС + обука IB |
| 5 | Елизабета А. Владимировска | Англиски јазик | 8-1 | 19 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 6 | Кети Христовска | Германски јазик | 6-2 | 21 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 7 | Маја Николовска | Ликовно образование | / | 12 | 36 | 36 | ВС+ обука IB |
| 8 | Благица Димчева | Музичко образование, хор, оркестар, изборен предмет танци и ора | 6-1 | 21 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 9 | Жанета Шумкоска | Математика | 9-1 | 23 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 10 | Горан Величковиќ | Информатика, Изборен предмет Проекти од информатика | / | 21 | / | / | ВСС |
| 11 | Воислав Гушевски | Германски | / | 4 | | | ВСС |
| 12 | Ленче Зајковска | Математика, физика | 7-1 | 21 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 13 | Гордана Чеперковиќ - Делева | Математика | 7-3 | 22 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 14 | Бојана Бачоска | Хемија, биологија | 8-2 | 21 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Павлинка Ѓорѓиевска | Природни науки, иновации, изборен предмет вештини на живеење | / | 21 | / | / | ВСС |
| 16 | Ненад Наневски | Историја | 9-3 | 25 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 17 | Горица Бошкоска | Граѓанско, етика | | 9 | / | / | ВСС |
| 18 | Драган Станојковски | Физичко образование ,изборен спорт | 8-3 | 21 | 36 | 36 | ВСС |
| 19 | Милка Симска | Техничко образование | 7-2 | 22 | 36 | 36 | ВС + обука IB<br>доп. во К. Неделковски |
| 20 | Весна Миливојевиќ | Географија | 8-3 | 25 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 21 | Чедомир Пановски | Физичко образование, изборен предмет спорт | / | 20 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 22 | Маја Јакимовска | Етика во религии, библиотека | / | 6 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |
| 23 | Душанка | Библиотека | / | 10 | 0 | 0 | ВСС+ обука IB |
| 24 | Андријана Грујоска | Биологија<br>Изборен воспитание за околината | / | 20 | 36 | 36 | ВСС+ обука IB |

# 8. Оценување

Оценувањето е интегрално за севкупната настава и учење. Главната цел на оценувањето е да се обезбедат повратни информации за процесот на учење. Секое ИБ училиште развива постапки за оценување и методи за информирање кои се одраз на филозофијата и целите на програмата. Поради тоа училиштето има изготвено пишан документ наречен ПОЛИТИКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ кој има за цел да го разјасни разбирањето на наставниците за целиот процес на оценување во рамките на училишната средина. Тоа не е статичен документ, туку е документ кој постојано еволуира, се развива и се применува во целото училиште. Во училиштето е воспоставена јасна политика за оценување и истата се пренесува на учениците и родителите.

**Оперативен план за следење на оценувањето:**

| ***Активности*** | ***Време на реализација*** | ***Реализатори*** | ***Ефекти*** |
|---|---|---|---|
| Откривање на причините за постигнување на послаби или повисоки резултати на учениците | септември | Наставници од предметна и одделенска настава | Препознаени (откриени) вистинските потреби на учениците со послаб и посолиден успех |
| Утврдување на причините зошто дел од учениците не го постигнуваат максимумот | континуирано во текот на годината | Наставници од предметна и одделенска | Идентифицирани причините за послабите и недоволно постигнати резултати |
| Подобрување на комуникацијата на наставникот со учениците и родителите | континуирано во текот на годината | Наставници од предметна и одделенска | Подобрена комуникација меѓу наставник, родител, ученик |
| Насочување учениците кон групна работа | континуирано во текот на годината | Наставници | Учениците работат во тимска – групна работа |
| Подобрување на тимскиот дух и климата за работа | континуирано во текот на годината | Наставници | Постои клима за работа и тимско работење |
| Подобрување на интеракцијата помеѓу наставникот и ученикот | континуирано во текот на годината | Наставници | Воспоставена и подобрена соработката меѓу наставникот и ученикот и интерактивна настава |
| Намалување на стресните ситуации кај ученикот преку разговор | континуирано во текот на годината | Наставници<br>Одделенски раководители<br>Педагог | Соодветниот разговор и укажување помагнаа во намалување на стресните ситуации |

***Тим за следење, анализа и поддршка***

Училиштето врши следење, анализа и поддршка на квалитетното оценување. За таа цел се следи, споредува и анализира успехот на учениците по класификациони периоди, по учебни години, по одделни предмети. Потоа, се следи и начинот на оценување на наставниците, посебно наставниците почетници и се нуди поддршка на истите. Училиштето има тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Тимот го сочинуваат: Маја Затуроска – Ѓорчевска-педагог, Жанета Шумкоска – предметен наставник, Симона Пецова – одделенски наставник.

Секој наставник се следи и оценува преку самооценување, водење на досие и педагошки картон за наставникот, екстерното проверување и екстерната евалуација – оценување на наставниците и стручните соработници.

***Самоевалуација на училиштето***

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалвација на целовкупната работа во текот на тие две години, изготвува извештај по спроведената самоевалвација по која се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата.

# 9. Вон-наставни активности

Вонnаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето. Затоа во овој дел на Годишната програма се содржани основите за организирање и програмирање на:

- Слободните ученички активности
- Ученичките натпревари
- Ученичките екскурзии
- Производствена и друга општествено корисна работа

***-Училишен спорт***

- Да ги развива и зацврстува кај учениците секојдневните навики за систематско вежбање и негување на телото.
- Да ги развива кондиционите и кординационите способности.
- Да формира и негува хигиенски навики.
- Да им овозожи на надарените ученици да напредуваат и да се усовршуваат.
- Да придонесува за стекнување и развивање на хумани мегучовечки односи, морални особини, квалитети на сила, воља и карактер.
- Теоретски и практично да се оспособат за перманентна примена на адекватно телесно вебање, како дел од културн живеење.

- **Организација на училишниот спорт**
- Часовите по спорт ке се организираат во текот на цела учебна година. Во училишниот спорт можат да членуваат ученици од VI до IX одделение според интересот на учениците. Времето на реализација ке биде по редовната настава.
- **Просторно и материјално-технички услови** Адаптирани училници

***-Секции и слободни училишни активности***

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способностите на учениците.

Според карактерот и содржината на работа, слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците
- Културно-уметнички активности
- Слободни технички активности
- Спортски активности

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати. Задачите на слободните ученички активности се:

- Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците
- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување
- Да се негува доследност и истрајност во извршување на ученичките обврски
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време

Слободни ученички активности се реализираат на наставни часови предвидени со распоредот на часови.

Учесниците од слободната активност сочинуваат една група,секција или клуб и тоа:

- Литературен клуб; Рецитаторски клуб; Драмски клуб; Новинарска секција; Секции - странски јазици; Математичка школа; Млади физичари; Млади хемичари; Млади историчари; Млади биолози; Географска секција; Библиотекарска секција; Информатичка секција; Пејачка секција; Оркестар и хор

***-Ученички натпревари***

- Училиштето кое континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот и надвор од него.
- Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои ги поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

- ***Општествено хуманитарна работа***

Општествено корисната и хумана работа е битен дел од едукацијата на учениците во училиштето, со вклучување во различни активности од ваков карактер како: хуманитарни акции што подразбираат-собирање парични средства, донирање на облека, собирање на училишен прибор, собирање стара хартија за рецилклирање, средување на училниците, чистење и уредување на училишниот двор и друго, има за цел да се развива интерес кај учениците за вклучување во општествено корисна работа и задоволство од работата, поттикнување на хуманоста и солидарноста кај децата, развивање на позотивен однос кон другарчињата. Сето ова ќе го развиваме и низ ИБ програмата преку развивање на ИБ профил на ученик – грижливост.

- *Еко- патроли*

Во текот на учебната година според програмата за екологија се организираат еко-патроли од страна на учениците по напатствија на одговорните наставници односно учениците редовно вршат еко-патрола низ училиштето и во училишниот двор. Потоа доставуваат извештај за спроведената еко-патрола. Оваа активност (еко-патрола) редовно се реализира наназад неколку години.

- ***Постигнување на учениците***

Во нашето училиште ученикот е главен субјект при реализација на воспитно-образовниот процес. Во таа насока, училиштето ги превзема сите потребни активности за да им овозможи на сите ученици подобри услови и можности за постигнување на солидни образовни резултати. Училиштето води целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален,емоционален и интелектуален развој. Постојано, во текот на годината, стручната служба и наставниците прават анализи за потребите на учениците, но и за наставниците, кои ќе доведат до подобрување и унапредување на наставата. Во овој дел се става акцент  и на идентификацијата и утврдувањето на потребите на надарените ученици, како и на учениците со посебни потреби. Стручните активи за во својата програма за работа имаат планирано реализација на нагледни часови со користење на методи на активна настава и ефективни инструменти за оценување на знаењето на учениците.

| АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ФОРМИ И МЕТОДИ НА МОТИВАЦИЈА | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Редовно следење на дополнителната, додатната настава и воннаставните активности | Педагог<br>Директор | Посета на часови<br>Увид во сите видови планирања<br>Разговор и анкети со учениците и наставниците | Во текот на целата учебната година |
| Задавање, следење, проверување и вреднување на домашните задачи | Одделенските и предметните наставници | Писмени, усмени и практични домашни задачи<br>Евидентирање на истите | Во текот на целата учебне година |
| Советодавна работа со учениците | Наставници<br>Педагог | Работилници и разговори-индивидуални или групни | По потреба |
| Организирање на училишни натпревари | Наставници<br>директор | Квизови, игри (групни, индивидуални) | Второ полугодие |
| Пофалби и наградување на учениците | Директор, наставници, педагог | Дипломи, пофалници, награди ( книги, билети...) | На одделенски и наставнички совети, на манифестации, ден на училиштето и сл. |

### *-Превентивни програми*

Превентивните програми кои планираме да се реализираат во нашето училиште имаат за цел проширување на знаењата на учениците за одредени актуелни теми како и развивање на животни вештини со што би се отфрлиле неприфатливите облици на однесување. Воедно ќе допринесат за развиваење на способностите и вештините на учениците за донесување на исправни одлуки и решавање на проблеми.

Превентивните програми ќе опфатат теми од областа на здравјето и здравиот начин на живеење, правилна исхрана, заштита од заразни болести, правилна организација на слободното време и понуда на спортски содржини. Значајно внимание ќе се посвети на присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството.

### *-Безбедност во училиштето*

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна

зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено *План за заштита и спасување* кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди.

***-Позитивна социо емоционална-клима***

- Се планираат содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раквoдител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручната служба, во соработка со родителите, содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Се планираат и интерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стучната служба во училиштето.
- Целта е да се обезбеди почитување на личноста- негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност  еднаквост и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите .

## 10. Грижа за здравјето

- ***Хигиена во училиштето***

Хигиената во училиштето ја одржуваат 7 хигиеничари.

Училиштето преко советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената. Дежурните наставници за време на одморите, а сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор.

- ***Систематски прегледи***

- Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од I, III, V и VII одделение, а со стоматолошките систематски преглади се опфатени сите ученици. Истите се реализираат во училиштата во присуство на одделенскиот раководител или раководителот на паралелката.
- При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за редовни стоматолошки прегледи за детето како услов за запишување.
- Сите вработени еднаш годишно мора да појдат на систематски преглед и бактериолошки испитувања

- ***Вакцинирање***

- Со календарот за имунизација и вакцинација опфатени се учениците на 6 – 7 години и на 12 –13 години. При вакцинирањето на малите ученици задолжително е присуство на нивните родители, а за поголемите присуство на одделенскиот раководител.
- При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за примени вакцини за детето како услов за запишување.

- ***Едукација за хигиена и здрава исхрана***

Едукативни предавања за одржување на хигиената при користење на тоалет и пред и после јадење. Свеста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето, работилници и индивидуални совети за учениците. Се реализираат и активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана“. Подетално во програмата за здравствена заштита на учениците.

# 11. Училишна клима и односи во училиштето

***-Дисциплина***

*<u>Со цел да се постигне поголема работна атмосфера ќе се применуваат следните активности:</u>*
-*<u>Во училница</u>*
* доследно почитување на кодекстот за ученици и наставници
*спроведување на политиката за намалување на малтретирањето
*фер и правично оценување
*примена на активни методи во наставата
*<u>-Во училиште</u>*
* одговорност и инцијативност од сите вработени
* професионален однос кон ученици, родители, колеги
* коректен и фер однос кон надворешни партнери

***-Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето***
* истакнување на трудови на ученици во училницата и училишниот хол
* одбележување на значајни настани и  активности со прикладна иконографија

***-Етички кодекс***

- достојно извршување на функциите во училиштето
- унапредување на  наставната дејност
- ширење на култура,
- почитување на академските традиции, чување на достоинството и самодостоинството
- грижа за децата,
- одржување и развивање на етиката и благородно однесување, со неповредување никого, давање помош и развивање на општите хуманистички идеи.

Изложените вредности и норми на Етичкиот кодекс се задолжителни за сите вработени, ученици и родители во ООУ ,, Свети Кирил и Методиј“. Со овој кодекс сите се обврзуваат, со својата чест, дека ќе  се придржуваат кон овие определби и норми како составен дел од својата професионална работа. Односите во училиштето  се градат врз основа на достоинството и самодостоинството . Сите меѓусебно се почитуваат. Никој не навредува и не повредува друг.

Во училиштето  нема место за насилство, притисок и поткуп. Не е дозволена корупција, морално и сексуално злоставување. Туѓи ни се невоспитаноста, непристојноста и секој вид неморално и нечесно однесување - воопшто однесување кое е спротивно на граѓанските и етички вредности.

# 12. Професионален развој на образовниот кадар

***-Детектирање на потребите и приоритетите***

За учебната 2016/2017 година,училиштето ги утврди приоритетите кои се во согласност со мисијата и визијата на училиштето за имплементација на IB Програмата за одделенска и предметна настава. Овие потреби и приоритети се однесуваат на целокупниот кадар на училиштето за личен и професионален развој .

***-Активности за професионален развој***

-Со цел поодбрување на успехот и постигањата на учениците со наставниците од одделенска и предметна настава, а во рамките на активи ќе се продлабочат знаењата за Образовните таксономии

-Во спроведувањето на наставните програми на Кембриџ (Cambridge International Examination Centre), ќе се организираат средби за споделување искуства за наставниците од одделенска настава, со практични содржини од предметите математика и природни науки.

-Спроведувањето на ЕКО-програмата ќе се продлабочува со наставниците во насока на исполнување еко стандарди и определување содржини за реализација на точките за акција.

-За спроведување на ИКТ во наставата во рамките на стручните активи ќе се дискутира за дефинирање на содржини и ресурси кои може да се користат во наставата а го олеснуват учењето и зголемуваат ефективноста на часовите по сите предмети.

-За спроведување на ИБ програмата наставниците ќе ги продлабочуваат веќе стекнатите знаења и ќе разменуваат искуства со наставници од Републиката и од странство со интернет Иб страницата: OCC Online Curiculum Centar

***-Личен и професионален развој***

Наставниците од оделенска и предметна настава ќе ги посетат семинарите организирани од БРО за измени во наставните планови и програми, како и сите едукативни трIВини и семинари во организација на општина Центар.

## 13. Вклученост на семејствата во училиштето

### *-Во животот и работата на училиштето*

Советот на родители во учебната 2016/17 година ќе работи по однапред изготвена програма. Улогата на Советот на родители во оваа учебна година ќе се базира на детектирање на состојбите во училиштето од аспект на потребни поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, учество во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите, организирање на распоред за средби со родители и отворен ден за прием, а кои ќе бидат истакнати на огласна табла и др.

Заради остварување на заеднички интереси на родителите од учениците и училиштето и оваа учебна година соработката ќе се остварува преку:

- индивидуални контакти на родителите со одделенските раководители и предметните наставници;
- индивидуални контакти и соработка на родителите со стручната служба и директорот;
- родителски средби на ниво на паралелка – индивидуални и групни;
- родителски средби на ниво на училиште;
- отворен ден за родители

Индивидуалните средби со родителите ќе се остваруваат во текот на целата учебна година. Родителски средби на ниво на паралелка ќе се реализираат задолжително на крајот на кфалификационите периоди, а по потреба и повеќе во текот на оваа учебна година, на кои покрај успехот и поведението на учениците ќе се разгледуваат и други актуелни прашања значајни за паралелката.

Првата ваква средба ќе се одржи во текот на месец септември и за дневен ред се планираат следните содржини:

- Запознавање со делови од Годишната програма за работа на училиштето и Куќниот ред на училиштето (Брошура на училиштето);
- Запознавање со наставниот план и програмите за оваа учебна година;
- Прашања актуелни за почетокот на оваа учебна година;

### *-Во процесот на учење*

- Се планира вклученоста на родители и нивен придонес со мислења и сугестии за дополнување и измени на планираните програми за намалување на насилство и изготвување сајт, т.е веб - страница, со што ќе се подобри информираноста за наставниот процес преку континуирана соработка. Советот на родителите ќе има значајна улога во олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и напредување на учениците–таленти. Од родителските одбори и Советот на родители се очекува прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали, поддршка за иновирање во наставата, помош при професионалната ориентација на учениците и особено демократско учество на учениците во училишниот живот.

***- Во активностите во училиштето***

- Особена иницијатива во оваа учебна година ќе бидат заложбите за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции.

***-Во донесување одлуки***

- Советот на родители ќе партиципира во давање идеи, предлози и донесување на одлуки, во училишна заедница и училишен одбор.

***- Едукација на семејството***

- Во учебната 2016/17 година се планира да се организираат едукативни работилници за родители, за Меѓуетничка интеграција во образованието, советување на родители и др. Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури, веб страната на училиштето. Стручната служба секојдневно обавува советодавно – консултативни разговори со родителите, а преку советодавната работа со родителите врши советување на родителите на ученици кои имаат слаб успех, кои имаат голем број изостаноци и кои покажуваат асоцијално однесување

***-Изработка на брошура за родители***

- Со почетокот на учебната година училиштето изготви Училишен информатор, кој ќе им биде доставен на родителите од прво одделение и претставниците на Советот на родители.

## *14.* Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### - Локална заедница

Училиштето е во секојдневна комуникација со Градоначалникот на општина Центар Андреј Жерновски и претставниците од локалната самоуправа. Комуникацијата се одвива со одржување на состаноци, разговори, неформални и формални средби.
Наставниците во своите програми конкретно планираат соработка со локалната заедница преку посета и запознавање со работата на Канцеларијата за млади на општина Центар, посета на институции и фирми, организирање на собири, акции и прослави во училиштето.
На веб страната од училиштето и во локалните медиуми се промовираат постигнатите резултати, на проектите и слично.
Со општината се соработува во однос на реализацијата на еколошката програма, активности и манифестации организирани или подржани од општина Центар.

### - Институции од областа на културата

Со програмата за натпревари се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно- историски споменици и музеи, поетски читања, театарски претстави и слично.

### - Институции од областа на образованието

Училиштето секојдневно соработува и со МОН (консултации и совети, барања, доставувања), БРО (консултации и совети, барања), ДПИ (редовни инспекциски увиди и интегрален увид), Комисијата за основно образование, Советот за основно образование како дел од општината (консултации и совети, барања, доставувања), остварува соработка на сите нивоа со збратименото училиште „ Сами Фрашери“ од Боговиње Пирок во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, како и со други основни и средни училишта (презентирање на средните училишта, известувања за запишани ученици) и др.
Училишната библиотека во соработка со наставниците организира посети и заеднички активности со НУБ Климент Охридски како и активности со Американ корнер, Институтот Конфучиј и сл..

### - Невладини организации

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи планирана е соработка со голем број невладини организации меѓу кои би ги истакнале: Детска амбасада Меѓаши, СОС центри, Младински културни центри и Еколошки друштва.

### - Здравствени организации

Училиштето воспоставува и одржува редовна соработка со здравствените организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените: Амбуланта „ Бит Пазар“, Центарот за јавно здравје, Центар за социјални грижи, Центар за

ментално здравје.
Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна база, а изборот на осигурителни компании се врши согласно закон.

***-Медиуми (со цел промоција на училиштето)***

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Содржини на објавување** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | | | | |
| Објавување на материјал (текст и слики) во списанијата: НАШ СВЕТ ДРУГАРЧЕ РАЗВИГОР и ЦЕНТАР | Во текот на годината | Одговорни наставници и ученици | Ликовни галерии, хепенинзи, патронен празник, саем на книгата, значајни манифестации и постигања на учениците | Афирмирање на училиштето |
| ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ | | | | |
| Македонска телевизија во емисијата „SBOH" и утрински програми | Во времето на денот на училиштето | Одговорни наставници и ученици | Забавни содржини посветени на патрониот празник | Промовирање на постигањата |
| ИНТЕРНЕТ<br>WEB страна на училиштето | Во текот на годината | Одговорни наставници | Брошура - билтен Годишна програма, Годишен и полугодишен извештај и др. | Транспарентно информирање за работата на училиштето |

# 15. Прилог бр 1

**Прилог бр 1 Програма за работа на директорот учебна 2016/2017 година**

| I. ПРОГРАМСКО – КОНЦЕПЦИСКО ПОДРАЧЈЕ | | |
|---|---|---|
| **Програмски содржини / работни задачи** | **Носители и соработници** | **Време на реализација** |
| - Анализа на претходната учебна година, мерки за унапредување на организацијата и работата на училиштето<br>- Увид во техничката и друга подготвеност на училиштето за работа;<br>- Планирање за прераспределба на училници и кабинети<br>- Планирање и организирање поправки на училишен инвентар, кречење и фарбање Планирање на нови наставни средства и помагала за новата учебна година | Стручна служба, наставници | Август |
| Оперативна организација на активностите за почетокот на учебната 2016/17година;<br>- Обезбедување услови за работа;<br>- Стручна и кадровска екипираност<br>- Координација на хигиено-техничкиот персонал<br>- Формирање паралелки, воспитно-образовни групи, распределба на часови, одделенија, паралелки, наставници, дежурства, одредување одделенски раководители<br>- Креирање тимови , стручни активи, одговорни наставници, задолженија<br>- Активности за подобрена информираност на сите вработени, обезбедување точни, јасни и прецизни задолженија<br>- Информативни табли за наставници, родители, ученици низ училиштето<br>- Подготовки за прием на првачињата на Први септември<br>- Креирање на анкетни прашалници за учениците, наставниците , родителите (комуникација,потреби и желби) | Надлежни институции, општина, наставници, вработени , директор | Август<br>Септември |

| | | |
|---|---|---|
| - Креирање анкетни прашалници за наставниците ( степенот, видот и потребата од обуки)<br>- Анализа на одговорите, потребите и превземање на активности<br>- Изработка на оперативна програма за интерни обуки на наставниците<br>- Маркетинг на училиштето, јавност во работата, веб страната на училиштето, | Директор , педагог, одговорни наставници, | Октомври<br>Ноември |
| - Работа со комисии координирање на тимови и активи итн.;<br>- Увид во дневната организација на работата;педагошка документација , електронска документација<br>- Соработка со надлежни институции;<br>- Увид во дневната организација на работата, координација,<br>- Упатства, подршка во подготовките за одбележување на позначајни датуми; | Директор<br>стручна<br>служба,<br>наставници<br>надлежни<br>институции | Ноември<br>декември |
| - Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините, знаењата потребни во образованието од 21 век<br>- Обука за професионалниот и моралниот лик на наставникот согласно потребите и барањата на учениците<br>- Обука за тимската работа во училиштето<br>- Демонстрација и презентација за примена на современи методи и техники во наставата | Директор<br>одг.наставници<br>педагог, наставници | Октомври<br>Ноември<br>декември |
| - Учество во истражување на актуелно-образовни прашања;<br>- Изработка на документација и иструменти за следење на реализацијата на програмата;<br>- Следење континуирано на новитетите во образованието во 21 век | одг.наставници<br>педагог,<br>наставници,<br>надлежни<br>институции | континуирано |
| - Изработка на Полугодишни и финансов извештај<br>- Учество во базари, новогодишни и божиќни уч.активности;<br>- Сумирање на податоците од првото полугодие; | дг.насавници<br>педагог, наставници | Декември |
| - Подготовки за почеток на второто полугодие;<br>- Поправки на училиштето, чистење, дератизација и дезинсекција за време на зимскиот распуст;<br>- Подготовки и разработка на оперативни планови за следење на работата во училиштето | педагог,<br>наставници<br>комисии,над.инстит<br>уци | Јануар<br>февруари |

| | | |
|---|---|---|
| - Анализа на пропусти и потешкотии во секое одделение<br>- подрачје во првото тримесечие и првото полугодие,анализа на постигањата на крајот од учебната година | одг.наставници педагог, наставници | Февруари, Мај, Јуни |
| - Анализа и сумирање на податоци од третто тромесечие и план за подобрување на квалитетот на наставата за успешно завршување на учебната година, Оперативен план за работа на тимовите, состаноции на наставниците | педагог, наставници | Април,мај, јуни |
| **II. СЛЕДЕЊЕ НА СТРУЧНО – ПЕДАГОШКА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО** | | |
| - Квалитативно и квантитивно увид во наставата;<br>- Запознавање на наставниот кадар со програмите, прирачниците, упатствата и сл.;<br>- Учество во координација на наставните програми и организирање на вонанаставни активности; | | Континуирано |
| - Анализа, заклучоци и предлог мерки за подобра и побрза организација на стручната служба, комисиите, тимовите итн. во однос на реализација на планираните активности и тековни задачи, унапредување на комуникацијата со воведување на е-комуникација и проток на информации - рационализација на работата; | стручна служба наставници | Октомври Ноември ,декември |
| - Апликација за Ерасмус проекти | Педагог наставници ученици | Декември |
| - Организирање информативни средби со наставниците, стручните активи, претставниците на ученичките заедници | педагог наставници, | континуирано |
| - Активно следење на тимската работа, делегирањето задолженија, почитување рокови и реализација на воспитно –образовниот процес и вонанаставните активности | педагог наставници | континуирано |
| **III. ПЕРМАНЕНТНО, СТРУЧНО, ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР** | | |
| - Идентификување на степенот , видот на обуките и професионалниот развој,<br>- Анкетни прашалници за наставниците (во процес) | Наставници, координатори на тимови , стручна | Октомври |
| - Стручна дебата на тема Образованието во 21 век, вештини, знаења и компетенции<br>- Интерна едукација на наставниот од планирање до реализација , анализи на дневните подготовки и чекори до реализација | | Декември |
| - Советодавни и консултативни средби со стручните активи,<br>- Следење на наставникот во имплементацијата на новини во наставата<br>- Стручна дискусија Рефлексијата како насоки кон подобрување на планирањата на активностите, методите, техниките и стратегиите во класот | | |
| - Определување солиден ментор на наставникот – почетник и запознавање со неговите обврски | Директор Стручна служба педагог ментор(и) | континуирано |
| - Запознавање со прописите за водење на педагошка евиденција и документација<br>- Едукација за примена на наставната технологија и законските прописи<br>- Пријавување на наставникот за полагање на стручен испит | | по потреба |

| | | |
|---|---|---|
| -С л е д е њ е на законските акти, правилници за дејноста,координации, состаноци, | стр.служба активи | континуирано |
| - Редовна координација со педагогот на училиштето во надминувањето на предизвиците во училницата, решавање конфликти и посредување , | стручна служба | континуирано |
| - Поттикнување на стручни расправи по сите прашања кои се на дневен ред состаноците. | стручнаслужба претседатели на активи | |
| - Подготвување и водење на седниците на Наставничкиот совет и реализација на донесените одлуки | | |
| - Поднесување извештаи на Наст.совет за превземените мерки во врска со унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето. | | |
| **VI. АНАЛИТИЧКО – СТУДИСКА РАБОТА** | | |
| - Анализирање и проучување на сите видови планирања и програмирање на наставниците за наставата и воннаставните активности | Септември Октомври | |
| - Изготвување извештаи (полугодишни и годишни), информации и анализи, осврти во врска со реализацијата на програмите на воспитно-образовната работа | Ноември, Февруари, Април, Јуни | |
| - Анализа за успехот, поведението и редовноста на учениците | | |
| - Следење и проучување на резултатите од примената на образовната технологија; | | |
| - Проучување и анализа на воспитно-образовниот процес во паралелките и воспитната компонента во | Континуирано | |
| - Обезбедување соодветни материјали за стручно усовршување на наставниците; | | |
| - Анализа на позитивните страни и однесувања на наставниците од анкетите со учениците, учениците ги оценуваа наставниците (редовност,настава,комуникација,безбедност) | | |
| - П о д р ш к а з а партиципација на учениците во решавањето на проблеми , донесувањето одлуки Учество во животот на училиштето; | стручна служба претседатели на активи и одделенски наставници ученици | Октомври Декември Април, Јуни |
| - Укажување помош при конституирање на ученичките организации (детската организација, ПЦК, одделенските заедници); | | |
| - Подршка и мотивација во во планирањето и организирањето на активностите во училиштето | | |
| - Непосредно учество во работата на нивните состаноци | | |
| - Поттикнување на културно-забавниот живот во училиштето | | |
| - М о т и в и р а њ е з а а к т и в н о у ч е с т в о в о следење на естетско уредување на просторот во училиштето | | |
| - Поттикнување на соработка со локалната средина (со организациите од општината) | | |
| - Поттикнување на соработка со културните институции и организации од локалната средина (кино, театар, библиотека, музичко училиште, пионерски дом и сл.) | | |
| - Организирање на училишни натпревари,дебати, дискусии, | | |

| VIII. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| - Непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето<br>- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува<br>- Училиштето согласно законските прописи, покрај редовните средби организира и советување за родителите | педагог претседатели на активи одделенски наставници родители | Континуирано |
| - Еднаш месечно следење на извештаите од<br>работата на тимот одреден за проверка на организираната исхрана нучениците | Педагог<br>Наставници | континуирано |
| **IX. ИНСТРУКТИВНО АДМИНИСТРАТИВНА РАБОТА** | | |
| - Редовна консултативна соработка со секретарот и педагогот<br>- Обезбедување средства за уредување на ентериерот во училиштето и др.потреби<br>- Активности за надополнување на ИКТ опремата | педагог секретар комисии наставници | континуирано |
| - Соработка со родители, наставници и ученици за добивање потребни информации за промени во училиштето | родители, ученици, наставници | континуирано |
| - Увид и контрола врз буџетот на училиштето<br>- Рационално и економично распределување на буџетските средства на училиштето | Директор, стручна служба | континуирано |

## Акционен план за работа на директор

| АКТИВНОСТ И КОНКРЕТНИ ЧЕКОРИ | ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНИ СУБЈЕКТИ |
|---|---|---|---|
| • Следење на активностите за изградба на фискултурната сала во соработка со изведувачот и надзорниот орган | МОН | 2016/2017 | Директор, училишен одбор и одговорни лица во соодветните сектори на МОН |
| • Поднесување барање до градоначалникот за уредување и обновување на асвалтот односно површината на спортското игралиште и негово опремување со статични реквизити, заградување со мрежа | Основач – Општина Центар | 2016/2017 | Директор, училишен одбор и овластени лице во соодветните сектори на општина Центар |
| • Поднесување барање до основачот за финансирање на реконструкијата на скалите, вратите и тоалетите во училиштето | Основач – Општина Центар | 2016/2017 | Директор, училишен одбор и овластени лице во соодветните сектори на општина Центар |
| • Поднесување барање до основачот за обезбедување средства и финансиска подршка во ресурси, инвентар, нагледни средства и помагала неопходни за иновативна настава. | МОН, општина Центар | 2016/2017 | Директор, тим од наставници |
| • Поднесување барање до МОН за опремување на училиштето со неопходни технички апарати за поуспешно изведување на IB наставата | МОН | 2016/2017 | Директор и ИБ координатори |
| • Поднесување барање до МОН за реновирање и опремување на мултимедијална библиотека во училиштето | МОН | 2016/2017 | Директор и ИБ координатори |

# 16. Прилог бр 2: Годишна програма на педагог

| *1. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ*<br>**Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа** | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
| 1. | Учество во изработката на концепцијата на Годишната програма за работа на училиштето и изработка на нејзини поедини делови | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Август |
| 2. | Учество и кординација во изработката на наставните планови и програми по одделенија и за поедини предмети | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Август Септември |
| 3. | Учество и кординација во изработка на развојниот план на училиштето | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Август Септември |
| 4. | Учество и кординација и во изборот и концепирањето на вонnаставните активности | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Август Септември |
| 5. | Учество во изработката на наставните планови за додатна, дополнителна настава, одделенска заедница, секции, екскурзиии, настава во природа | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Август Септември |
| 6. | Кординација и учество во изработка на проекти | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Учество во изработката на плановите и програмите за работа на стручните органи на училиштето | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Континуирано |
| 8. | Учество во изработката на програми за работа со надарени и деца со посебни потреби | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Континуирано |
| 9. | Учество во изработка на план и програм за професионална ориентација на учениците како и негова реализација | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Септември |
| 10. | Учество во изработка на програма за соработка на училиштето со семејството | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба | Септември |
| 11. | Изработка на Годишна програма и месечни планирања за работа на педагогот | Стручна служба | Септември<br>Секој месец |

## *2. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ*

**Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето**

| Бр. | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Следење и набљудување на децата во група за упис во I одд. | Наставници<br>Стручна служба | Мај |
| 2. | Правење на анализа на карактеристиките на идните првачиња и учество во формирање на паралелките | Стручна служба | Август |
| 3. | Запознавање на наставниците од прво одделение со карактеристиките на идните првачиња | Стручна служба<br>Наставници | Август |
| 4. | Распределување на доселени ученици од други училишта | Стручна служба | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава | Директор наставници Стручна служба | Август Јуни |
| 6. | Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности | Наставници<br>Директор<br>Стручна служба | Авуст<br>Јуни<br>Континуирано |
| 7. | Следење и водење на педагошка евиденција и документација во училиштето | Наставници | Континуирано |
| 8. | Следење на прилагодувањето на учениците во I одд. преку<br>- посета на часови<br>- разговор со ученици<br>- разговор со родители | Наставник<br>Стручна служба | Континуирано |
| 9. | Систематско следење и анализирање на наставниот процес како и работата на сите ученици | Наставник<br>Стручна служба | Континуирано |
| 10. | Откривање на ученици кои имаат потешкотии во учењето преку<br>- посета на часови<br>- разговор со наставници<br>- разговор со родители<br>- увид во одделенска книга | Наставник<br>Стручна служба | Континуирано |
| 11. | Следење на успехот и редовноста на учениците | Наставник<br>Стручна служба | Континуирано |
| 12. | Следење и помош при организација и реализација на проекти | Директор, Наставници<br>Стручна служба | Континуирано |
| 13. | Следење на интерперсоналните односи ( Училишна клима ) во училиштето меѓу ученик-ученик, ученик-наставник и наставник-наставник, на индивидуално и групно ниво | Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| 14. | Испитување на причините кои се јавуваат во воспитно-образовната работа | Наставници Родители Ученици<br>Стручна служба | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Директор<br>и други институции | |
| 15. | Следење на оптеретеноста на учениците | Наставници Ученици<br>Родители Стручна служба | Континуирано |
| 16. | Следење на постапките на оценување на учениците | Наставници Стрична служба Директор | Континуирано |
| 17. | Систематско вреднување на својата работа | Педагог | Континуирано |

***3. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ***

**Советодавно-консултативна работа со учениците, наставниците и родителите**

| Бр. | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Идентификување и работа на отстранување на педагошките причини на проблемите во учењето и однесувањето | Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Континуирано |
| 2. | Следење и проучување на интересите  и постигнувањата на учениците и нивно усогласување<br>со нивните желби и интереси | Стручна служба<br>Учениците во звршното одделение | Мај |
| 3. | Запознавање на учениците со видовите на средните училишта | Стручна служба<br>Учениците од IX одд | Мај |
| 4. | Давање помош и подршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности  (одделенски заедници, ученичка заедница, ПЦК и др. ) | Стручна служба<br>Ученици | Континуирано |
| 5. | Учество во организирање на активности и содржини каде учениците на креативен начин го организираат своето слободно време | Стручна служба<br>Ученици | Континуирано |
| 6. | Советодавна работа со ученици кои потешко напредуваат или покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех | Директор Стручна служба Ученици | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Советодавна работа со наставници и ученици при избор на слободни активности, јавни настапи, конкурси, натпревари и др | Директор Стручна служба Наставници Ученици | Септември-Мај |
| 8. | Советодавна работа со наставниците приправници | Стручна служба Наставници | Континуирано |
| 9. | Консултативна-советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик-ученик и ученик-наставник-семејство | Директор Стручна служба Наставници | Континуирано |
| 10. | Советодавна работа со наставници во реализирање на проекти | Наставници | Септември-Мај |
| 11. | Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење на стручна литература заради осовременување на наставниот процес | Директор Наставници Стручна служба | Континуирано |
| 12. | Давање на потребна помош на одделенските наставници во квалитетно обавување на нивната улога | Наставници Стручна служба | Континуирано |
| 13. | Давање помош на наставниците во реализација на одредени часови како пример за добра пракса | Наставници Стручна служба | Периодично |
| 14. | Учество во работата на стручните тимови и активи, и превземање мерки за унапредување на нивната работа | Наставници Стручна служба | Континуирано |
| 15. | Советодавна работа со родителите чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината | Наставници Стручна служба | Континуирано |
| 16. | Промовирање и потикнување на родителите во поедини облици на работа во училиштето | Наставници Стручна служба | Континуирано |
| 17. | Запознавање на учениците со Конвенцијата за детските права | Наставници Стручна служба | Септември |
| 18. | Советодавна работа со родителите за осмислување на слободното време на децата | Наставници Стручна служба | Континуирано |
| 19. | Едукација на родителите за развојните карактеристики на децата | Наставници Стручна служба | Септември |
| 20. | Давање  подршка и помош во работата на Советот на родители и Училишниот одбор | Наставници Стручна служба | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21. | Подршка за учество на родителите во разни проекти на стручни и невладини организации кои се реализираат во училиштето или се занимаваат со проблемите на нивните деца. | Наставници<br>Стручна служба | Континуирано |

| *4. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ*<br>Аналитичко - истражувачка работа | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
| 1. | Анализа на општите услови за реализација на воспитно-образовната работа во училиштето | Директор<br>Ст.служба<br>Наставници | Август-Септември |
| 2. | Изработка на анализа за успехот и дисциплината на учениците на класификациони периоди<br>( тромесечие, полугодие и крај на година ) | Директор<br>Ст.служба<br>Наставници | Ноември<br>Декември<br>Април<br>Јуни |
| 3. | Анализа на часовите на редовната настава и другите облици на воспитно-образовната работа на кои присуствувал педагог и согледување на нивната дидактичко-методска заснованост | Директор<br>Ст.служба<br>Наставници | Октомври<br>Март |
| 4. | Анализа и унапредување на работата на воннаставните активности | Ст.служба<br>Наставници Ученици | Декември<br>Мај |
| 5. | Испитување на нивото и квалитетот на ученичките знаења<br>- испитување на брзината  и точноста на читање на:<br>а) нелогичен текст<br>б) логичен текст | Ст.служба | Април<br>Мај |
| 6. | Испитување на нивото и квалитетот на ученичките знаења<br>по одделни предмети | Ст.служба | Континуирано |
| 7. | Истражување и анализа  на оптеретеноста на учениците при преминот од одделенска во предметна настава | Ст.служба | Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар | Наставници<br>Ст. служба | Декември |
| 9. | Учество во научни истражувања со други институции | Ст.служба | Континуирано |

## *5. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ*
## Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување

| Бр. | Содржини на работа | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Учество во работата на стручни друштва органи и организации<br>( Современ педагог , БРО, други училишта и др) | Педагог<br>Наставници | Еднаш месечно и по потреба |
| 2. | Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и други установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно-образовната работа | Ст.служба | Континуирано |
| 3. | Предлагање на набавка на стручна литература и списанија; правење на прегледи за актуелни и на стручни делови | Ст.служба | Континуирано |
| 4. | Учество во размена на искуства со други педагози и психолози | Ст.служба | Континуирано |
| 5. | Работа на сопствено и стручно усовршување | Ст.служба | Континуирано |
| 6. | Учество во воспоствување на соработка со локалната заедница и реализација на заеднички активности | Директор<br>наставници<br>Стручна служба<br>Ученици | Континуирано |

| *6. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ*<br>**Педагошка евиденција и документација** | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
| 1. | Годишен глобален план и Програма за сопствената работа | Ст.служба | Континуирано |
| 2. | Месечен оперативен план за работа | Ст.служба | Секој месец |
| 3. | Хронолошки дневник за работа | Ст.служба | Континуирано |
| 4. | Дневник за работа со ученици | Ст.служба | Континуирано |
| 5. | Дневник за работа со наставници | Ст.служба | Континуирано |
| 6. | Дневник за работа со родители | Ст.служба | Континуирано |
| 7. | Дневник за следење на наставата и воннаставните активности | Ст.служба | Континуирано |
| 8. | Документација за извршаната аналитичко-истражувачката работа (прегледи, инструменти,извештаи, анализи, информации и др ) | Ст.служба | Континуирано |

## *7. ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ*

**Подготовка за сите облици на работа со ученици, наставници и родители**

| Бр. | **Содржини на работа** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Подготовка и планирање на предавања со ученици, наставници и родители | Ст.служба, наставници директор | Континуирано |
| 2. | Подготовка на материјали за поедини истражувања и изработка на инструменти | Ст.служба | Континуирано |
| 3. | Планирање на посета на часови | Ст.служба | Континуирано |
| 4. | Планирање и подготовка на анализи,прикази и соопштенија | Ст.служба | Континуирано |
| 5. | Следење на стручна литература | Ст.служба | Континуирано |
| 6. | Подготовка на процедура за изработка на училишниот развоен план | Ст.служба, наставници директор | Континуирано |
| 7. | Подготовка и договарање со останатите стручни соработници , тимови и стручни институции за заедничките задачи и активности во училиштето и надвор од него | Ст.служба | Континуирано |

Педагог Маја Ѓорчевска- Затуроска

## 17. Прилог бр 3: Годишна програма на психолог

| Реден број | ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ |
| --- | --- |
| I | Планирање и подготовка на работа на психолог |
| II | Изготвување, планирање и прогарми на ниво на училиште |
| III | Советодавна работа со ученици |
| IV | Работа со ученици со посебни образовни потреби |
| V | Работа со талентирани ученици |
| VI | Работа со ученици со потешкотии во учење |
| VII | Запишување на ученици и формирање паралелки |
| VIII | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставни активности |
| IX | Работа на професионална ориентација |
| X | Соработка со родители |
| XI | Соработка со наставници |
| XII | Соработка со стручни органи |
| XIII | Унапредување на воспитно-образовната програма |
| XIV | Аналитичко истражувачка работа |
| XV | Педагошка евиденција и документација |
| XVI | Соработка со институции надвор од училиштето |

| Подрачје 1: Планирање и подготовка на психологот | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Изготвување на годишна програма за работа на психологот<br>2. Изготвување на месечни планирања | Август<br>Тековно | Директор<br>Наставници |
| **Подрачје 2: Изготвување, планирање и програми на ниво на училиште** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Изготвување Годишна програма за работа на училиштето<br>2. Изготвување Информатор за родители и ученици<br>3. Изготвување програма за талентирани ученици<br>4. Изготвување програма за намалување на насилството во училиштето<br>5. Изготвување програма за Советување на родители<br>6. Изготвување програма за ученици со посебни образовни потреби<br>7. Изготвување прогарама за Професионална ориентација | Август<br>Септември<br>Октомври<br>Декември | Директор<br>Тимови<br>Наставници<br>Педагог |
| **Подрачје 3: Советодавна работа со ученици** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Следење и откривање на проблеми кај учениците од индивидуален карактер кои се однесуваат на слаба адаптација и анти и асоцијално однесување<br>2. Следење и откривање проблеми кај групи ученици<br>3. Проучување на социјалната клима во паралелката и мотивација за учење | Континуирано | Наставници<br>Директор<br>Педагог<br>Ученици од I до IX |

| Подрачја 4: Работа со ученици со посебни образовни потреби | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Следење на напредокот на учениците со користење на асистивни технологии<br>**2.** Помош во изготвување индивидуални планирања и конкретизирање развојни цели во планирањето со наставниците<br>**3.** Примена на инструменти и техники за психомоторички статус на децата<br>**4.** Водење досие за учениците | Тековно | Наставници<br>Дефектолог<br>Педагог |
| **Подрачје 5: Работа со талентирани ученици** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Вклучување во активности кои се однесуваат на спецификите на талентираност и надареност по наставни подрачја<br>**2.** Примена на тестови за мерење општи способности<br>**3.** Примена на задачи со тежински нивоа<br>**4.** Водење ученичко портфолио | Тековно | Наставници<br>Родители<br>Педагог |
| **Подрачје 6: Работа со ученици со потешкотии во учењето** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Оспособување на учениците за користење мемотехники за поефективно користење фрекфентни знаења<br>**2.** Користење техники за коопетативно учење<br>**3.** Индивидуална работа со ученици | Тековно | Ученици<br>Наставници<br>Родители<br>Педагог |
| **Подрачје 7: Запишување ученици и формирање паралелки** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Водење евиденција и запишување на ученици во прво одделение и хомогенизација на паралелките | Мај<br>Август<br>Тековно | Комисија за упис<br>Наставници<br>Педагог |

| Подрачје 8: Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и вонnаставните активности | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците после секој класификационен период<br>**2.** Подобрување на комуникацијата помеѓу учениците со цел намалување на вербалното малтретирање помеѓу соучениците | Ноември<br>Јануари<br>Април<br>Јуни<br>Тековно | Директор<br>Наставници<br>Педагог |
| **Подрачје 9: Работа на професионална ориентација** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Изготвување анкета за интересите и афинитетите на учениците од IX одделение<br>**2.** Испитување на општи и специфични способности на учениците од IX одделение<br>**3.** Организирање индивидуални и групни разговори со ученици и родители<br>**4.** Информирање за мрежа на средни училишта, услови и критериуми<br>**5.** Презентирање пропаганден материјал од средните училишта, организирање средби со преставници на приватни и државни средни училишта<br>**6.** Организирање посети на средни училишта со учениците од IX одделение<br>**7.** Водење евиденција и документација со анализа за избор на средни училишта<br>**8.** Индивидуална работа со ученици<br>**9.** Известување за опфат и упис во средно училиште до надлежни институции | Во тековната година | Средни училишта<br>Класни раководители<br>Родители |

| Подрачје 10: Соработка со родители | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Советување со родители за превземање одговорност за подобрување на постигањата на учениците и формирање просоцијално однесување кај учениците<br>**2.** Организирање средби со родители за подобрување на етичноста во оценувањето<br>**3.** Организирање средби за учество и создавање ненасилно однесување кај учениците<br>**4.** Организирање работилници со родители за создавње клима на соживот<br>**5.** Соработка со Советот на родители во активности и маркетинг на училиштето | Тековно<br><br>Ноември<br><br>Март | Директор<br>Тим за ненасилно однесување<br><br>Председател на Совет на родители |
| **Подрачје 11: Соработка со наставници** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Помош во изготвување и поврзување на елементите на тематско процесно планирање преку индивидуална соработка<br>2. Увид и анализа на Годишните и тематски планирања, консултации со наставници<br>3. Посета на наставни часови и советодавна работа со наставниците во реализација на развојните наставни цели<br>4. Давање на стручна помош за воведување на наставни форми и инструменти за оценување<br>5. Давање стручна помош при изведување работилници за програмата Вештини за живеење<br>6. Учество и помош во изработка на проектни активности<br>7. Соработка со наставниците кои имаат ученици со асоцијално однесување<br>8. Работа со наставници приправници<br>9. Планирање на професионалниот | Тековно | Наставници<br>Директор<br>Тимови наставници<br>Педагог<br><br>Тим за професионален развој |

| Подрачје 12: Соработка со стручни органи | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Презентација на Годишната програма на Наставнички совет и УО<br>**2.** Презентација на анализи и извештаи на наставнички совет и УО<br>**3.** Информирање на преставниците од Советот на родителите за успехот, поведението, редовноста на учениците<br>**4.** Учество во Активи | Тековно | Наставници<br>Директор |
| **Подарчје 13: Унапредување на воспитно-образовниот процес** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Помагање на наставниците за реално и правично оценување ( формативно и сумативно )<br>**2.** Давање помош и следење на програмата за Вештини на живеење | Тековно | Тим за оценување<br>Наставници<br>Педагог<br>Директор |
| **Подрачје 14: Аналитичко истражувачка работа** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Спроведување листи за самооценување на наставниците за користење различни постапки во оценувањето и примена на етичноста во оценувањето<br>**2.** Анализа на зрелост на учениците од II-ро одделение<br>**3.** Анализа на развојните карактеристики на учениците од IV и V одделение | Септември<br><br>Во сите класификациони периоди | Наставници |

| Подрачје 15: Педагошка евиденција и документација | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Следење на педагошка евиденција и документација, консултации со наставници<br>**2.** Водење педагошки картон за наставници<br>**3.** Водење професионално досие за наставниците<br>**4.** Евалуација на сопствена евиденција и документација<br>**5.** Анализа на реализација на Годишната програма | Тековно | Директор<br>Педагог |
| **Подрачје 16: Соработка со други институции** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| **1.** Учество на работа на секција на психолози<br>**2.** Соработка со БРО, МОН, Сектор за обарзование на Центар<br>**3.** Соработка со ЗМЗ, МЦСГ, МВР<br>**4.** Соработка со средни училишта и факултети, медиуми<br>**5.** Соработка со невладини организации УСАИД и МЦГО | Тековно | Институции<br>Невладини организации |

Психолог Елена Темелкоска

# 18. Прилог бр 4: Програма за работа на училишниот библиотекар

Основната цел на училишната библиотека е да негува и  развива љубов и интерес кон книгата уште од најраната возраст, кај најмладата популација. Таа љубов посебно треба да се негува кај нашите ученици, кои во своите училишта ги прават првите чекори во прекрасниот и бесконечен свет на учењето и знаењето. Во тој контекст, училишните библиотеки претставуваат „центар на гравитација“ во царството на знаењето во училиштата , во кои учениците ќе ги направат првите контакти и каде ќе остварат непосредна комуникација со книгите, ќе го совладаат начинот на нивното користење и ќе им служат за збогатување на нивните знаења. Преку различни форми на работа, библиотекарот  во тесна соработка со библиотекарската секција и воспитно-образовниот кадар, успешно и целосно ја остарува нивната благородна мисија.

Библиотекарот со своето образование и знаење, професионални компетенции, организациско и стручно искуство, работни навики, интеркадровски односи и мотивација, претставува главен двигател во развојот на училишната библиотека.

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|
| ПрИБирање и средување на учебници за 2016/17г. | Август, септември и јуни | Библиотекар, членови на секцијата | Реална состојба на учебниците |
| Чување на библиотечниот фонд:книги,списанија,прирачници, енциклопедии и др. | Во текот на целата година | Библиотекар, членови на секцијата | Оспособени ученици за работа во училишната библиотека |
| Водење на седдмична и месечна евиденција | Во текот на целата година | Библиотекар | Увид во користење на библиотеката од страна на учениците |
| Изработка на полугодишен извештај за работата на библиотеката | Декември | Библиотекар | Увид во користење на библиотеката од страна на учениците |
| Водење на библиотекарската секција „Клуб на млади библиотекари“ | Во текот на целата година | Библиотекар | Добар пласман на учениците |
| Посетување на книжарници, саеми на книги,пратење на библиографии,новини ,списанија за библиотекарството и сл. | Во текот на целата година | Библиотекар, ученици, наставници | Добар одзив на учениците за одбележување на месецот на книгата |
| Изработка на годишен извештај за работата на библиотеката | Јуни | Библиотекар | Увид во работата на библиотекарот |
| Пласирање на детските списанија „Росица“,„Другарче“, ,„Развигор“ и ,,Наш свет`` . | Во текот на целата година | Библиотекар | Користење на детскиот печат од страна на учениците |
| Обработка на книжниот фонд по УДК | Во текот на | библиотекар, | Средена и организирана библиотека според универзални |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | целата година | ученици | стандарди |
| Набавка и инвентарно сигнирање на лектирни изданија, енциклопедии,стручна литература и други купени или подарени книги | Во текот на целата година | Библиотекар, членови на секцијата | Средена и организирана библиотека според универзални стандарди |
| Со членовите на секцијата „Клуб на млади библиотекари“работа на чување, оспособување и користење на стари книги | Во текот на целата година | Библиотекар | Навремено прибирање на библиотечниот инвентар |
| Месечно информирање за невратени книги | Во текот на целата година | Библиотекар | Навремено прибирање на библиотечниот инвентар |
| Средување  и заведување на учебници за учебната 2016/17 г. | август, септември, јуни | Библиотекар, наставници, ученици | Учениците навремено ги добиваат бесплатните учебници |
| Учество на натпреварот „Млади билиотекари“ | Октомври | Библиотекар, членови на секцијата | Добар пласман |
| Поттикнување и мотивирање на учениците за читање романи,раскази,приказни и други литературни видови | Во текот на целата година | Библиотекар, ученици | Учениците да создат навика за читање |
| Насочување и навикнување на учениците сами да бараат книги во библиотеката | Во текот на целата година | Библиотекар, ученици | Учениците самостојно ги пронаоѓаат книгите |
| Развивање навика кај учениците за посетување на библиотеката (посебно кај најмалите членови од II и III одд.) | Во текот на целата година | Библиотекар, ученици | Учениците од најмала возраст посетуваат библиотека |
| Разговор со учениците за прочитани книги | Во текот на целата година | Библиотекар, ученици | Подобри резултати во учењето |
| Упатување и навикнување на учениците за самостојно користење на разни извори на знаење (речници, енциклопедиии, лексиконии друг информативен материјал) | Во текот на целата година | Библиотекар, ученици | Самостојно користење на овој вид литература |
| Оспособување на заинтересирани ученици за работа во библиотеката (средување, инвентарирање, сигнирање, | Во текот на целата година | Библиотекар, членови на секцијата | Средена и организирана библиотека според универзални стандарди |

| | | | |
|---|---|---|---|
| издавање на книги , санирање на оштетени книги и сл.) | | | |
| Совладување на методи,техники и средства за стекнување знаења во библиотеката како трајни вредности<br>кои учениците треба да ги понесат од училишните клупи | Во текот на целата година | Библиотекар, ученици | Подобри резултати во учењето |
| Посета на читалните на Општина Центар Славко Јаневски и Ацо Шопов | Во текот на годината | Библиотекар, ученици | Учениците да створат навика за читање |
| Запознавање со Канцеларијата за млади | Во текот на годината | Библиотекар, ученици | Зголемена свест на младите за учество во активностите на Општина Центар |

# 19. Прилог бр 5: Програма за работа на стручен соработник

Стручниот соработник има значајна, одговорна улога на перманентно едукативно дидактичко-методско информирање, развивање и усовршување на наставниот кадар. .

| Планирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **I.Изготвување стручни теми за Стручен актив од I-IX:**<br>1.Класификации на карактеристики на надарените ученици-втор дел<br>2.Модели на креативно учење во функција на подобрување на успехот<br>3.Едукативно функционирање на стручните активи во партнерските училишта<br>4.Фактори за неуспех во учењето<br>5.Управување со конфликти<br>6.Дидактички аспекти и задолженија наставниците за концепирање на домашни задачи<br>7.Информатичката технологија,стиловите на учење и видовите на интелигенција<br>8.комуникација на наставникот со хиперактивен ученик | Унапредување на професионална дејност | Во текот на годината | Групна. Документи и стручна литература | Поефикасна професионално информирање |
| **II.Едукативна информираност на родителите**<br>-актуелни педагошки теми за Совет на родители и | Унапредување на дејноста | Во текот на годината | Групна. Документи и стручна литература | Зголемена свест на родителите за нивното значење во образованието на учењето,мотивацијата,успехот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| родителски состаноци<br>• Родители запознајте ги карактеристиките на надарените ученици<br>• Родители,учењето е основа за напредокот на вашето дете | | | | |
